ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИЦИ: Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и

Миле Стојановски, државен советник во Министерството за економија и труд

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за јавни претпријатија и трговски друштва во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија управувањето со јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост се одвива во рамки на постојна правна и институционална структура која се карактеризира со повеќе надлежни институции и различни законски решенија. При тоа не е воспоставен целосно интегриран пристап во вршењето на сопственичките функции на дрќавата ниту пак постои јасно разграничување на улогите во управувањето што влијае врс координацијата, транспарентноста и ефикасноста во работењето на овие субјекти. Дополнително управувањето и следењето на работата на претпријатијата не се во целост унифицирани а достпноста на податоци и информации за нивното работење е ограничено. Од овие причини се укаќа потребаод понатамошно уредување на правната рамка со цел да се обезбеди поефикасно, транспарентно, отчетно управување со претпријатијатаво дрќавна сопственост и што ќе биде содржина на овој Закон.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложениот Закон е воспоставување на јасна, конзистентна и сеопфатна правна рамка за уредување на статусот,управувањето и работењето на јавните претпријатија и трговските друштваво сопственост или со учество на Република Северна Македонија. Со истата ќе се обезбеди подоба коодинација на сопственичките функции, транспарентност и отчетност што ќе доведе до унапредување на ефикасноста во работењето на овие субјекти.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Нема

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека се донесувањето на овој закон е една од клучните реформски мерки од Реформската агенда на Република Северна Македонија за периодот 2024-2027 година, којашто произлегува од Планот за раст на Европската комисија за Западен Балкан и претставува услов за користење на финансиската поддршка преку Инструментот за реформи и раст, предлагаме Собранието да расправа по Предлог законот за јавни претпријатија и трговски друштва во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ТРГОВСКИ ДРУШТВА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРВ ДЕЛ

## ГЛАВА I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Законот

### Член 1

Со овој закон за уредува надлежноста и начинот на остварување на сопственичките права на Република Северна Македонија во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, како и на јавните претпријатија и на трговските друштва основани од општините и градот Скопје (во понатамошниот текст: правните лица), координацијата на остварувањето на сопственичките и основачките права, правата и обврските на органите кои ги остваруваат сопственичките и основачките права, примената на стандардите за корпоративно управување, транспарентноста и објавувањето на финансиските и деловните извештаи и на другите документи, финансиските и нефинансиските цели, мерењето на одржливоста и профитабилноста на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и други прашања поврзани со ефикасното управување со правните лица.

Примена на овој закон врз правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

### Член 2

Овој закон се применува на јавните претпријатија и трговските друштва во сопственост или со учество на Република Северна Македонија во кои Република Северна Македонија има доминантно (преовладувачко) влијание или некој процент на учество, независно од големината на процентот на учество.

### Примена на други закони

### Член 3

(1) За сите прашања во врска со јавните претпријатија кои не се уредени со овој закон, се применува Законот за јавните претпријатија и други закони кои уредуваат прашања од областа на јавните претпријатија.

(2) За сите прашања во врска со трговските друштва кои не се уредени со овој закон, се применува Законот за трговските друштва и други закони кои уредуваат прашања од областа на трговските друштва.

(3) Одредбите на овој закон соодветно се применуваат и на јавните претпријатија и на трговските друштва основани од општините и градот Скопје, освен ако со овој закон или со друг закон не е поинаку уредено.

Дефиниции

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Фактори на одржливост“ се фактори поврзани со еколошки и социјални прашања и прашања поврзани со вработените, почитување на човековите права, добри управувачки практики и борба против корупцијата;

2. „Учество на Република Северна Македонија“ се правата на управување и сопственост на Република Северна Македонија во трговски друштва во кои Република Северна Македонија е сопственик на акции или имател на удели во согласност со Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва, т.е. сопственичките права или правата на основање на Република Северна Македонија во правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, кои се основани од Република Северна Македонија и кои се основани во согласност со посебни закони или Законот за јавните претпријатија;

3. „Јавните претпријатија и трговските друштва основани од општините и градот Скопје“ се правни лица во кои општините и Градот Скопје имаат основачки права, а се правни лица во сопственост на Република Северна Македонија;

4. „Дејности на обезбедување јавни услуги“ се дејности на обезбедување јавни и други услуги од јавен интерес што се директно или индиректно финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија или се финансирани од крајните корисници на услугата по цени утврдени од Република Северна Македонија, надлежните органи или правните лица со јавни овластувања во согласност со закон, вклучувајќи ги и активностите на обезбедување универзални услуги во согласност со закон;

5. „Надлежно министерство“ е министерството во чија надлежност се активностите што ги извршуваат правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија согласнонадлежностите утврдени во Законот за организација и работа на органите на државната управа;

6. „Комисија“ е комисијата за избор на членови на орган на управување и надзор согласно овој закон;

7. „Правни лица од посебен интерес“ се јавните претпријатија и трговските друштва кои се утврдени со образложена одлука на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) врз основа на критериумите од член 12 став (2) од овој закон;

8. „Доминантно (преовладувачко) влијание“ е влијанието врз трговското друштво или другото правно лице:

а) каде Република Северна Македонија е носител на мнозинството акции или удели во трговското друштво или во кое има право да избира или назначува и отповикува назначување или разрешување на мнозинството членови на управниот одбор или мнозинството членови на надзорниот или одборот на директори или управители во тоа трговско друштво или

б) каде Република Северна Македонија е имател на мнозинството сопственички права во друго правно лице кое нема правна форма на трговско друштво или кое има право да избира или назначува и отповикува назначување или разрешување на мнозинството членови на управниот одбор или мнозинството членови на надзорниот одбор, одборот на

директорите, управителите, директорите или на друг соодветен орган во тоа друго правно лице или

в) каде Република Северна Македонија има контрола врз мнозинството акции или удели во трговското друштво или врз мнозинството од сопственичките права во другото правно лице, врз основа на договор склучен со други иматели на акции или удели во тоа трговско друштво или со други иматели на сопственички права во тоа друго правно лице;

9. „Пазарни активности“ се активностите на размена на стоки и услуги на пазарот со цел генерирање приход, доход, профит или други економски приноси што подлежат на оданочување и

10. „Орган на сопственички права или основачки права или орган надлежен за вршење на правото на сопственост или друго сопственичко право“ е Владата или орган на државната управа или советите на општините и градот Скопје или правно лице со јавни овластувања кое ги остварува правата на учество на Република Северна Македонија во правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија во согласност со овој закон или законот според кој тоа правно лице е основано.

Употреба на родови изрази

Член 5

Изразите што се користат во овој закон во машки род се однесуваат подеднакво на лицата од сите родови.

Член 6

(1) Примената на одредбите на овој закон се заснова на принципите на кои се заснова управувањето со правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија утврдени од страна на Организацијата за економска соработка и развој – ОЕЦД (OECD Guidelines on Corporate Governance of State-Owned Enterprises, 2024 година).

(2) Правните лица согласно одредбите на овој закон и органите кои ги остваруваат сопственичките и/или основачките права, се должни да ги применуваат следниве принципи:

1. Професионално и одговорно извршување на сопственичките функции од страна на државата, со јасно разграничување на сопственичката од регулаторната функција;

2. Обезбедување еднакви услови за конкуренција помеѓу државните и приватните правни лица;

3. Транспарентност и отчетност кон јавноста и сите засегнати страни;

4. Интегритет, етичко однесување и нулта толеранција кон корупцијата;

5. Вклучување на факторите на одржливост во стратешкото планирање и известувањето;

6. Еднаков третман на сите акционери и иматели на удели и основачки права;

7. Признавање и почитување на правата на засегнатите страни, вклучувајќи ги вработените, корисниците, добавувачите и локалните заедници и

8. Ефективен надзор и управување со ризиците, вклучувајќи ги финансиските, оперативните, регулаторните и ризиците поврзани со одржливоста.

(3) Владата на предлог на Министерството за економија и труд донесува Стратегија за остварување на сопственичките права и учеството во правните лица во Република Северна Македонија, со акциски план, на секои четири години, врз основа на принципите од ставовите (1) и (2) на овој член.

## ГЛАВА II. ПРИНЦИПИ НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРАВНИ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Принцип на оправданост на државната сопственост

### Член 7

(1) Република Северна Македонија може да биде носител на правата на учество во правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија доколку за тоа се исполнети критериумите од член 12 став (2) од овој закон, што мора да се утврди и објасни во политиката на сопственички права.

(2) Во случаите во кои не се исполнети критериумите од член 12 став (2) од овој закон за правата на учество на Република Северна Македонија во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, правата на учество на Република Северна Македонија во тие правни лица ќе се отуѓат со цел Република Северна Македонија да ја напушти сопственичката структура или учеството во тие правни лица во согласност со политиката на сопственички права.

### Принцип на координирано остварување на правата на учество на Република Северна Македонија

### Член 8

(1) Учеството на Република Северна Македонија во правните лица од посебен интерес го врши Владата, освен во исклучителни случаи согласно критериумите од член 12 став (2) од овој закон или со друг закон, каде правото на учество го врши друг надлежен орган назначен од страна на Владата.

(2) Учеството на Република Северна Македонија во други правни лица можат да го вршат и други надлежни органи, ако е тоа пропишано со посебен закон.

(3) Кај правните лица од посебен интерес заради воспоставување еднакви услови за работење и избегнување на нарушувања на конкуренцијата, органите на управување и надзор, во рамките на својата организација, задолжително обезбедуваат ефикасно одвојување на нивната функција на сопственост или учество од функцијата на креирање политики и регулирање на пазарот во релевантните активности.

Принцип на ефикасност и одржливо работење

Член 9

Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија:

1. работат ефикасно и во согласност со дефинираните финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост;

2. донесуваат одлуки и управуваат со ризиците на начин што обезбедува, во најголема можна мера долгорочен одржлив развој и зачувување на вредноста, особено земајќи ја предвид заштитата на животната средина и заштитата на човековите права;

3. дејствуваат во согласност со принципот на неутралност на пазарот, при што видот на сопственост не им овозможува неоправдани поволности или поповолна или понеповолна положба во споредба со правните лица во приватна сопственост и

4. на нивните деловни односи со други правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, со нивните зависни друштва и со Владата, обезбедува договарање на цени и други услови истоветни на цените и другите договорни услови што би ги договориле во споредливи деловни односи меѓу неповрзани лица.

Начело на транспарентност

Член 10

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се должни редовно и навремено да објавуваат извештаи и други информации, со цел информирање на јавноста и органите на управување и надзор, во согласност со овој закон.

(2) Министерството за финансии објавува консолидирани годишни извештаи за финансиското работење на правните лица од посебен интерес на Република Северна Македонија во согласност со овој закон, најдоцна до 31 октомври за претходната година.

(3) Министерството за економија и труд објавува консолидиран годишен извештај за правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 октомври за претходната година.

Начело на еднаква положба на акционерите или имателите на удели и сопственички права

Член 11

Кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија во кои Република Северна Македонија не е единствен имател на акции, удели или сопственички права, другите акционери или иматели на удели и основачки права, под еднакви услови, имаат иста положба како и Република Северна Македонија, освен ако тоа не е поинаку уредено со друг закон.

## ГЛАВА III. ПРАВНИ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Поделба на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија

### Член 12

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се класифицираат како правни лица од посебен интерес и други правни лица.

(2) Критериуми за сопственост или учество во правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се:

1. управување со добра од општ интерес за Република Северна Македонија;

2. управување со инфраструктура и дистрибутивни мрежи во кои физичката инфраструктура претставува природен монопол во смисла на прописите за заштита на конкуренцијата;

3. деловна активност што вклучува обезбедување јавни услуги;

4. влијание врз Буџетот на Република Северна Македонија;

5. вршење на пазарни активности што придонесуваат за стабилноста и развојот на економијата и

6. други дејности кои со закон се утврдени како дејности од јавен интерес.

(3) Критериумите за сопственост или учество во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (2) на овој член се основ за утврдувањето на правните лица од посебен интерес со одлука од страна на Владата.

### Класификација на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија согласно дејноста која ја вршат

### Член 13

Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија согласно дејноста која ја вршат, се класифицираат како правни лица кои вршат исклучиво пазарни активности, правни лица кои вршат исклучиво јавни услуги и правни лица кои вршат и пазарни активности и јавни услуги.

### Евиденција на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија

### Член 14

(1) Министерството за економија и труд воспоставува и води евиденција на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија како и на јавните претпријатија и на трговските друштва основани од општините и градот Скопје.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член нема својство на јавен регистар (јавна книга), туку е евиденција што е јавно достапна на веб страницата на Министерството за економија и труд.

(3) Опфатот, содржината и изворите на прибирање на податоците за евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија и труд.

## ГЛАВА IV. ОРГАНИ НАДЛЕЖНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Органи надлежни за вршење на правото на сопственост

### Член 15

(1) Орган надлежен за вршење на правото на сопственост или другите сопственички права за правните лица од посебен интерес и за другите правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија е Владата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случаите од член 16 од овој закон, Владата може да донесе одлука со која остварувањето на правата на учество на Република Северна Македонија во одредени правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија ќе го пренесе на друг орган на државната управа кој има надлежности во областа во која правното лице ја врши својата дејност.

(3) Органот на државната управа од ставот (2) на овој член е должен да го преземе остварувањето на правата на учество во рок од 60 дена од денот на донесувањето на одлуката наведена во ставот (2) на овој член.

(4) Органот на државната управа од ставот (2) на овој член ги извршува сите задачи на орган надлежен за вршење на правото на сопственост пропишани со овој закон.

### Случаи на остварувањето на правата на учество на Република Северна Македонија

### Член 16

Владата може да ја донесе одлуката од член 15 став (2) од овој закон во следните случаи:

1. исполнување на обврските што произлегуваат од правото на Европската Унија;

2. исполнување на обврските врз основа на постапки за прекршување на правото на Европската Унија покренати од Европската Комисија;

3. исполнување на обврските што произлегуваат од меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија .

Субјекти одговорни за координирано управување

Член 17

Координираното управување со правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се врши преку Министерството за економија и труд, во соработка со Министерството за финансии и надлежните министерства. Координираното управување со правните лица основани од општините или градот Скопје се врши преку субјектот определен со одлука на Советот на општината или Советот на градот Скопје.

Надлежност на Министерството за економија и труд

Член 18

Согласно овој закон, Министерството за економија и труд ги извршува следниве работи:

1. и предлага на Владата донесување одлука за усвојување на политика на сопственички права во согласност со член 22 од овој закон;

2. во консултација со Канцеларијата на претседателот на Владата и надлежните министерства, изготвува и предлага до Владата измени на политиката на сопственички права;

3. подготвува  Стратегија  за остварување на сопственичките права и учеството во правните лица  во Република Северна Македонија, со акциски план;

4. го координира управувањето со правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија;

5. на Владата и ги предлага прописите што се однесуваат на посебно дефинираните стандарди за корпоративното управување;

6. ја следи усогласеноста на правите лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија со одредбите на овој закон и со одредбите на другите прописи што го регулираат нивното основање и работење;

7. се грижи за подобрувањето на работењето во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и го следи и анализира квалитетот на корпоративното управување во правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија;

8. утврдува и води евиденција на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија во согласност со член 14 од овој закон;

9. и предлага на Владата да донесе одлука за поставување финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост за правните лица во сопственост на Република Северна Македонија согласно член 26 став (1) од овој закон, врз основа на предлозите на надлежните министерства;

10. објавува список на јавните услуги на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и

11. учествува во комисиите за избор на кандидати за членови на надзорни или управни одбори, одбори на директори, директори, управители во правните лица во сопственост или

со учество на Република Северна Македонија и во правните лица од посебен интерес во согласност со овој закон.

## Надлежности на Министерството за финансии

### Член 19

(1) Согласно овој закон, Министерството за финансии ги извршува следниве задачи:

1. го следи и анализира финансиското работење на правните лица од посебен интерес;

2. дефинира и развива методологија за проценка на фискалните ризици од работењето на правните лица од посебен интерес;

3. врши проценка, следење и известување за фискалните ризици од финансиското работење на правните лица од посебен интерес, користи соодветни механизми за овие цели, изготвува извештај за фискалните ризици од работењето на правните лица од посебен интерес;

4. објавува податоци за финансиските перформанси на правните лица од посебен интерес;

5. објавува консолидиран годишен извештај за финансиското работење на правните лица од посебен интерес;

6. учествува во комисиите за избор на кандидати за членови на надзорни или управни одбори, одбори на директори, директори, управители во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и во правните лица од посебен интерес во согласност со овој закон ;

7. спроведува обуки за финансиското известување на правните лица од посебен интерес и

8. соработува со меѓународни финансиски институции и организации од аспект на работењето на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(2) Изворите за прибирање на податоци, опфатот и содржината на извештаите од ставот (1) точки 3 и 5 на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## Јавни набавки

### Член 20

Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија ги спроведуваат јавните набавки согласно Законот за јавните набавки (*).

## Задачи на надлежните министерства

### Член 21

Надлежните министерства ги извршуваат следните задачи согласно овој закон:

1. соработуваат со Министерството за економија и труд и со Министерството за финансии за постоењето на случаи за учество на Република Северна Македонија во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија;

2. учествуваат во комисиите за избор на кандидати за членови на надзорни или управни одбори, одбори на директори, директори, управители во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и во правните лица од посебен интерес во согласност со овој закон;

3. ги следат деловните настани во секторите во кои работат правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои претежно се занимаваат со активности во рамките на нивната надлежност, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа;

4. доставуваат секторски анализи до Министерството за економија и труд и до Министерството за финансии;

5. предлагаат до Владата донесување одлуки за располагање со акции, удели и основачки права во правните лица од посебен интерес;

6. предлагаат финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост за правните лица од посебен интерес во рамките на нивните надлежности согласно со закон, со образложение и индикатори за мерење;

7. предлагаат финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост, за другите правни чија претежна дејност е во нивна надлежност согласно со закон ;

8. го известуваат Министерството за економија и труд за спроведувањето на политиката на сопственост во однос на правните лица од посебен интерес во рамките на нивните надлежности согласно закон, најмалку еднаш квартално и

9. го следат и анализираат спроведувањето на годишните и среднорочните деловни планови на правните лица од посебен интерес.

## ГЛАВА V. ПОЛИТИКИ НА СОПСТВЕНИЧКИ И ОСНОВАЧКИ ПРАВА

### Усвојување и содржина на политиките на сопственички и основачки права

### Член 22

(1) Политиката на сопственички права на предлог на Министерството за економија и труд, ја донесува Владата. Политиката на основачките права на ниво на општина или град Скопје, на предлог на Министерството за економија и труд, ја донесува Советот на општината или на градот Скопје.

(2) Министерството за економија и труд подготвува предлог на политиките од ставот (1) на овој член во соработка со Министерството за финансии, Комисијата за заштита на конкуренција, Канцеларијата на претседателот на Владата и надлежните министерства и со придонес од јавноста и претставниците на социјалните партнери.

(3) Политиките од ставот (1) на овој член особено содржат:

1. цели што Република Северна Македонија сака да ги постигне преку сопственоста или учеството во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна

Македонија и критериумите за сопственоста или учеството, при што во предвид се имаат целите поставени со Националната развојна стратегија и другите национални стратегии од областа на економската и социјалната политика;

2. регулаторната рамка и политиките што се однесуваат на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија;

3. планови поврзани со стекнувањето или располагањето со акции, удели и основачки права во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, со образложение за јавниот интерес и проценка на ефектите врз пазарот и конкуренцијата;

4. план за трансформација на јавните претпријатија и другите правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, основани во согласност со посебни закони, кои немаат правна форма на трговско друштво и кои го остваруваат најголемиот дел од својот деловен приход преку вршење пазарни активности, во капитални друштва во смисла на Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва, вклучувајќи план за потребните законски измени за да се овозможи таква трансформација и

5. показатели за успешност и мерила за оценување на остварувањето на целите.

Преглед на политиките на сопственичките и основачките права и критериумите за учество во правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија

Член 23

(1) Министерството за економија и труд, во соработка со другите надлежни министерства, го координира и континуирано го следи спроведувањето на политиките за сопственички и основачки права, поднесува извештај за спроведувањето на политиките за сопственички и основачки права до Владата и најмалку на секои четири години ги преиспитува политиките за сопственички и основачки права и одлуката за утврдување на правните лица од посебен интерес за Република Северна Македонија, согласно одредбите од овој закон.

(2) Министерството за економија и труд го преиспитува постоењето на критериуми за учество на Република Северна Македонија во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата и со надлежните министерства.

(3) Доколку се утврди дека критериумите за учество на Република Северна Македонија во одредени правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија повеќе не се исполнети, Министерството за економија и труд ќе предложи до Владата донесување на одлука за изменување и/или дополнување или престанок на одлуката од ставот (1) на овој член.

## ГЛАВА VI. СТЕКНУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА АКЦИИ, УДЕЛИ И СОПСТВЕНИЧКИ ПРАВА ВО ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Располагање со акции, удели и сопственички права

### Член 24

(1) Акциите, уделите и сопственичките права на Република Северна Македонија во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се отуѓуваат во јавна, недискриминаторска и конкурентна постапка во согласност со закон и политиката на сопственички права.

(2) Располагањето со сопственичките права на Република Северна Македонија кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои се основани со посебен закон се врши на начин пропишан со посебниот закон.

### Одлука за располагање со акции, удели и сопственички права во правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија

### Член 25

(1) Одлуката за располагање со акции, удели и сопственички права на Република Северна Македонија во правните лица од посебен интерес ја донесува Владата, по предлог на надлежното министерство.

(2) Врз основа на одлуката од ставот (1) на овој член, постапката за располагање со акции, удели и сопственички права во правните лица од посебен интерес ја спроведува Владата или надлежното министерство на кое му е доверена надлежноста во име на Владата.

(3) Одлуката за располагање со акции и удели на Република Северна Македонија во други правни лица ја донесува Владата, со која може да овласти друго надлежно министерство на кое му е доверена надлежноста во име на Владата или државен орган за спроведување на оваа одлука.

(4) Предлогот за располагање со акции, удели или основачки права задолжително содржи образложение за јавниот интерес, проценка на економските ефекти и проценка на влијанието врз пазарот и конкуренцијата.

(5) Пред да се донесат одлуките од ставовите (1) и (3) на овој член, надлежното министерство или овластениот државен орган, се должни да ја проценат вредноста на акциите, уделите и сопственичките права што се предмет на располагање.

ВТОР ДЕЛ

## ГЛАВА I. ПОСТАВУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ И НЕФИНАНСИСКИ ЦЕЛИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ ЦЕЛИТЕ ПОВРЗАНИ СО ФАКТОРИТЕ НА ОДРЖЛИВОСТ И ПОЛИТИКА ЗА ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДИ ИЛИ ДОБИВКИ

### Поставување финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост

### Член 26

(1) Владата со одлука утврдува финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост за секое правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за економија и труд за период од три до пет години и се ревидираат најмалку еднаш годишно.

(2) Предлозите за финансиските и нефинансиските цели, вклучително и целите поврзани со факторите на одржливост за правните лица од посебен интерес, од страна на надлежните министерства се доставуваат до Министерството за економија и труд и до Министерството за финансии.

(3) За правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кое е владеачко друштво согласно прописите од областа на сметководството, целите наведени во став (1) на овој член се поставуваат на независна и консолидирана основа за целата група што го сочинуваат тоа владеачко друштво и неговите зависни друштва.

(4) Целите наведени во ставот (1) на овој член се поставуваат во соработка со одборот на директори и надзорниот одбор или другите соодветни органи на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(5) При предлагањето на целите од ставот (2) на овој член, надлежните министерства предлагаат класификација на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија согласно член 13 од овој закон, кои ги доставуваат до Министерството за економија и труд и до Министерството за финансии.

(6) При предлагањето и поставувањето на финансиските цели за правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, надлежните министерства и Владата особено се водат од целта за постигнување долгорочна финансиска стабилност на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и за намалување на фискалните ризици, како и за заштита и зголемување на вредноста на државниот капитал.

(7) Владата ги пропишува начинот и барањата за поставувањето и ревидирањето на финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост и клучните индикатори за перформансите и следењето на исполнувањето на финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги целите поврзани со факторите на одржливост на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, како и активностите на надлежните органи што ги вршат сопственичките права и надлежните министерства во постапките за подготовка и спроведување на плановите за преструктуирање и финансиско и оперативно подобрување на деловните перформанси на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

Финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост

Член 27

(1) Финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост, се составен дел од среднорочните и годишните деловни планови на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(2) Целите наведени во ставот (1) на овој член треба да бидат релевантни, јасни, прецизни, мерливи и временски ограничени и да се следат преку клучните индикатори за перформансите согласно прописот од член 26 став (7) од овој закон.

Објавување на финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост

Член 28

Финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, јавно се објавуваат на веб страниците на овие правни лица, Министерството за економија и труд и Владата, во рок од 30 дена од денот на нивното утврдување.

Вршење пазарни активности

Член 29

Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои се занимаваат со пазарни активности треба да работат економично, ефикасно и ефективно и да остваруваат резултати споредливи со пазарните услови во соодветниот сектор, при што водењето на пазарните активности не смее да го загрози вршењето на дејностите од јавен интерес за кои се основани.

Поделба на пазарните активности и активностите на јавни услуги

Член 30

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија чии деловни активности вклучуваат и пазарни активности и активности на јавни услуги се должни да водат посебни сметки за различните активности во рамките на своите деловни книги, со соодветна примена на одредбите од законот што ја регулира транспарентноста на тековите на јавните средства, без оглед на износот на годишниот деловен приход.

(2) Доколку е можно без непропорционално високи трошоци, правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член, треба организациски и кадровски да ги одделат пазарните активности од активностите на јавните услуги, земајќи ги предвид факторите на производство, технологијата, опремата и човечките ресурси, како и другите релевантни околности.

(3) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (1) од овој член објавуваат на своите веб страници информации за мерките преземени за раздвојување на деловните активности во согласност со овој член или за непреземањето на таквите мерки и причините за нивното непреземање во согласност со прописот од член 46 став (5) од овој закон.

(4) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои имаат обврска да обезбедуваат јавни услуги мораат, во рамките на своите финансиски извештаи, транспарентно да ја презентираат правната основа врз која имаат обврска да обезбедуваат јавни услуги и приходите и расходите од обезбедувањето на овие јавни услуги, без оглед на тоа дали наведените услуги се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија или од продажба на стоки или услуги на корисниците по цени утврдени од надлежни државни органи или правни лица со јавни овластувања.

(5) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија не смеат да ги користат финансиските средства што ги добиваат од обезбедувањето јавни услуги за финансирање на своите пазарни активности.

(6) Министерството за економија и труд на својата веб страница објавува список на правни лица кои вршат јавни услуги, како и видот на јавните услуги од ставот (4) на овој член, кој се ажурира најмалку еднаш годишно.

Годишен извештај за исполнувањето на финансиските и нефинансиските цели на правните лица

Член 31

(1) Министерството за економија и труд подготвува годишен извештај за исполнувањето на финансиските и нефинансиските цели на правните лица од членот 2 од овој закон.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи анализа на остварените резултати, степенот на исполнување на клучните индикатори за перформанси и причините за евентуалните отстапувања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се доставува до Владата и до Собранието на Република Северна Македонија и се објавува на веб страницата на Министерството за економија и труд до 31 мај за претходната година.

## ГЛАВА II. ОРГАНИЗАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ ВО ПРАВНИ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Собир на содружници или акционерско собрание

Член 32

(1) Правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кое има правна форма на трговско друштво, собирот на содружниците или акционерското собрание, покрај другите одговорности што ги има во согласност со овој закон и Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на друштвата и во согласност со актот за основање и другите општи акти на тоа правно лице, одлучува за усвојувањето на годишниот и среднорочниот деловен план, претходно одобрен од надзорниот одбор на тоа правно лице.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член соодветно се применува и на органи на управување на јавните претпријатија кои се обврзани на усвојување на годишни и среднорочни деловни планови, претходно одобрени од надзорниот одбор на тоа јавно претпријатие.

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија чии акции се котирани на берза или друг регулиран пазар за тргување со хартии од вредност.

Застапување на органот надлежен за вршење на сопственичките и другите сопственички права на собирот на содружниците или на акционерското собрание

Член 33

(1) Претставникот на органот надлежен за вршењето на сопственичките или основачките права или други сопственички права на собирот на содружниците, на акционерското собрание или на другиот соодветен орган на правното лице од посебен интерес и на другите правни лица регулирани со овој закон го назначува Владата.

(2) Кога претставникот на органот надлежен за вршењето на сопственичките или основачките права или другите сопственички права овластува друго лице да го претставува органот кој го овластил на собирот или на собранието на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, тој е должен да му даде на тоа лице писмени упатства за тоа како да гласа за секоја точка од дневниот ред за која ќе се гласа.

(3) Записниците од состаноците на собранијата, собирите или на другите соодветни органи на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија треба да бидат достапни на веб страниците на тие правни лица и да бидат објавени во рок од пет дена од денот на нивното усвојување, освен ако содржат класифицирани информации, деловна тајна или лични податоци заштитени со закон.

(4) Членовите на надзорниот одбор или управниот одбор, претседателите на надзорниот одбор или управниот одбор и сите членови на одборот на директорите или управителите, директорите и извршните директори присуствуваат на седницата на собранието или на собирот на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и одговараат на прашањата на акционерите и содружниците кои поседуваат удели или основачки права.

(5) Доколку годишните финансиски извештаи на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија подлежат на обврска за законска ревизија, согласно овој закон или согласно прописите што го регулираат сметководството на трговците и ревизијата, овластениот ревизор мора да присуствува на седницата на собирот или собранието на кое се презентираат годишните финансиски извештаи.

(6) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се применуваат и на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија во кои Република Северна Македонија нема доминантно (преовладувачко) влијание и на соодветен начин и на правните лица основани или со учество на општините и на град Скопје.

Надлежност на надзорниот одбор

Член 34

(1) Кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, надзорниот одбор ги назначува и разрешува членовите на управниот одбор, на предлог на комисиите од член 40 од овој закон, освен ако не е пропишано поинаку со посебните

прописи што ја регулираат таа форма на организација или здружување, ја надгледува работата на управниот одбор и, покрај другите надлежности што ги има во согласност со овој закон и Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва и во согласност со актот за основање и другите општи акти на тоа правно лице, учествува во утврдувањето на стратегијата во согласност со поставените финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост преку учество во подготовката на годишниот и среднорочниот деловен план, одобрување на овие планови и следење на нивното спроведување.

(2) Надзорниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија обезбедува постоење на ефикасни политики и процедури за идентификување на значајните ризици со кои се соочува правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и за управувањето со тие ризици, земајќи ги предвид ризиците поврзани со факторите на одржливост.

(3) Одредбите од Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва за одобрување и објавување на трансакциите со поврзани страни се применуваат и на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, без оглед на тоа дали таквите правни лица се организирани како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност и без оглед на тоа дали нивните акции се котирани на берза или друг регулиран пазар за тргување со хартии од вредност.

(4) Покрај правните трансакции со поврзани лица од ставот (3) на овој член, согласност од надзорниот одбор е потребна и за склучување на други правни трансакции од одредена вредност што не се дел од редовното работење на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(5) Собирите на содружници или акционерските собранија на правните лица во сопственост на Република Северна Македонија во своите основачки документи го утврдуваат видот и вредноста на правните трансакции за кои е потребна согласност од надзорниот одбор или од некој друг орган.

(6) Надзорниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија донесува деловник за својата работа, кој заедно со описот на должностите на надзорниот одбор на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, мора да биде достапен на веб страницата на тоа правно лице.

(7) Членовите на управниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија можат да присуствуваат на состаноците на надзорниот одбор или комисиите на надзорниот одбор на кои се дискутираат нивните резултати или приходи само на покана на надзорниот одбор или комисиите на надзорниот одбор.

(8) Лицата кои не се членови на комисиите на надзорниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија можат да учествуваат на состаноците на  надзорниот одбор само со покана од надзорниот одбор.

Извештај за извршениот надзор

Член 35

(1) Писмениот извештај за извршениот надзор, кој надзорниот одбор на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија го поднесува до собирот на содружниците или до акционерското собрание во согласност со Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва, содржи дополнителни информации за исполнувањето на годишниот деловен план, финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги целите поврзани со факторите на одржливост, факторите на ризик и настаните релевантни за работењето на правното лице.

(2) Надзорниот одбор на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија спроведува годишна проценка на сопствената работа и перформанси и на работата и перформансите на одборот за ревизија и другите одбори на надзорниот одбор. Извештајот за проценката на работата и перформансите се поднесува како дел од писмениот извештај за извршениот надзор од ставот (1) на овој член.

Одбор за ревизија и одбори на надзорниот одбор

Член 36

(1) Надзорниот одбор на големо правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија мора да има одбор за ревизија, одбор за номинирање и наградување и одбор за ризик, при што секој од наведените одбори мора да има и член кој истовремено е и член на надзорниот одбор.

(2) Одредбите од законот што ја регулира ревизијата се применуваат на одборот за ревизија на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член, освен ако со овој закон поинаку не е предвидено.

(3) Претседателот и мнозинството членови на одборот за ревизија и надзорниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија мора да бидат независни од тоа правно лице и од Република Северна Македонија, како и од другите основачи, акционери или иматели на удели во тоа правно лице.

(4) Член на управниот одбор, на одборот на директори или управител не може да биде член на одборот за ревизија и надзорниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(5) Овластувањата, одговорностите и начинот на работа на одборот за ревизија и на надзорниот одбор на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се регулираат со Деловникот за работа донесен од надзорниот одбор.

(6) Деловникот за работа од ставот (5) на овој член мора да биде објавен на веб страницата на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

Одбор на директори

Член 37

Правното лице во сопственост на Република Северна Македонија кое има правна форма на акционерско друштво во смисла на Законот за трговски друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва,

може да има одбор на директори наместо управниот одбор и надзорниот одбор, доколку тоа е предвидено во статутот на тоа правно лице.

Награди и надоместоци на членови на надзорни одбори, одбори на директори, членови на управни одбори, директори и управители

Член 38

(1) Политиката за наградување ја утврдува основата за утврдување на надоместокот на членовите на надзорните одбори или управните одбори и на членовите на одборите на директори или на извршните директори, управителите или директорите на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(2) Најдоцна на секои четири години, надзорниот одбор на големо и средно правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија донесува политика за наградување на членовите на управниот одбор, одборот на директорите или извршните директори, управителите или директорите на тоа правно лице, со соодветна примена на одредбите од Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на друштвата во врска со донесувањето одлука за политиката за наградување на членовите на управниот одбор, одборот на директорите или извршните директори на акционерските друштва чии акции се котираат на берза или друг регулиран пазар за тргување со хартиите од вредност, и ја доставува наведената политика за наградување за одобрување до основачите, собирот на содружниците или до акционерското собрание. Политиката на наградување може да се промени во секое време, ако клучните индикатори за работењето објавени во извештајот согласно член 50 од овој закон покажуваат влошување на работењето во споредба со резултатите од претходната година.

(3) Кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои имаат правна форма на акционерско друштво во смисла на законот што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва, а чии акции котираат на берза или регулиран пазар за тргување со хартии од вредност, одредбите од законот што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва се применуваат за донесување одлука за политиката на наградување на членовите на одборот на директори или извршните директори, како и за донесување одлука за наградување на членовите на надзорниот одбор или управниот одбор.

(4) При донесувањето на политиката на наградување за членовите на одборот на директори или извршните директори на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија наведени во ставовите (2) и (3) од овој член, надзорниот одбор или управниот одбор на таквите правни лица ја зема предвид политиката на наградување од ставот (1) од овој член, како и политиката на наградување на органот на сопственост што учествува на акционерското собрание или собирот на содружниците при донесувањето на одлуката за одобрување на политиката на наградување.

(5) Собирот на содружниците или акционерското собрание на овие правни лица, или другиот соодветен орган или доколку не постои таков орган, органот надлежен за вршењето на сопственичките или другите имотни права (сопственичкиот орган), одлучуваат за надоместоците на членовите на надзорните или управни одбори, најмалку на секои четири години, земајќи ги предвид одредбите од политиката за наградување.

(6) Надзорниот одбор или одборот на директори одлучува за надоместоците на членовите на управниот одбор или на извршните директори на правни лица во сопственост или со

учество на Република Северна Македонија, земајќи ги предвид одредбите од политиката за наградување од ставот (1) на овој член и одредбите од политиката за наградување на членовите на управниот одбор на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставовите (4) и (5) на овој член.

(7) Управниот одбор и надзорниот одбор или одборот на директори на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, еднаш годишно подготвуваат и објавуваат јасен и разбирлив извештај за сите надоместоци и награди што тоа правно лице или друго правно лице во рамките на истата група ги платило или е должно да ги плати на секој сегашен и поранешен член на управниот одбор и надзорниот одбор или извршниот директор и член на одборот на директори, во текот на последната деловна година.

(8) Одредбите од Законот за трговските друштва што го регулираат основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва, кои се однесуваат на подготовката и објавувањето на извештаите за надоместоците и наградите за друштвата чии акции се котирани на берза или регулиран пазар за тргување со хартии од вредност, се применуваат на извештајот за надоместоците и наградите од ставот (7) на овој член и неговото објавување, по потреба.

(9) Извештајот за надоместоците и наградите го испитува овластен ревизор ако финансиските извештаи на соодветното правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија подлежат на обврска за законска ревизија во согласност со прописите што го регулираат сметководството на трговците или во согласност со овој закон.

(10) Владата го следи спроведувањето на политиката за наградување и ја ревидира оваа политика најмалку на секои четири години.

(11) Политиката за наградување на членовите на надзорните или управните одбори и членовите на одборите на директори, управители и директори на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, како и висината на наградувањето согласно клучните индикатори за работењето објавени согласно член 50 од овој закон, ја донесува Владата.

## ГЛАВА III. ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИТЕ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Избор и разрешување на кандидати за членови на надзорни одбори или одбори на директори, управни одбори и управители

### Член 39

(1) Изборот на кандидати за членови на надзорни одбори или одбори на директори, управни одбори и управители на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија мора да се базира на компетенциите на кандидатите.

(2) При избор на кандидати за членови на надзорни одбори или одбори на директори, управни одбори и управители мора да се земе предвид разновидноста во составот на надзорниот одбор или одборот на директори, особено во однос на полот, возраста, образованието и професионалното искуство.

(3) Кандидатите за членови на надзорните одбори или одборите на директори, управните одбори или управители на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се избираат преку јавен конкурс што го спроведува Владата.

(4) Заради избор на кандидати за членови на надзорни одбори или одбори на директори, на управни одбори и управители на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, Владата на формира комисија во согласност со член 40 од овој закон.

(5) Одлуката за избор на кандидати за членови на надзорен одбор или одбор на директори или управители на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија ја донесува Владата по предлог на комисијата.

(6) Одлуката за избор на членови на надзорниот одбор, одборот на директори, управниот одбор или управителите се донесува до истекот на мандатот на постојните членови на надзорниот одбор, одборот на директори, управниот одбор или управителот на правно лице во сопственост или со учество на Северна Македонија.

(7) Членовите на надзорниот одбор, одборот на директори, управителите на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија ги назначува и отповикува собирот на содружниците, акционерското собрание или основачот, а членовите на управниот одбор ги назначува и отповикува надзорниот одбор.

(8) Претставникот на органот на сопственички права на собранието или собирот го остварува правото на глас во согласност со одлуката на Владата од ставот (5) на овој член при донесувањето одлука за назначување на членовите на надзорниот одбор, одборот на директори или управителите.

(9) Доколку согласно посебен закон или друг пропис со кој е основано правното лице или кој ги регулира активностите на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија или акт за основање на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија е предвидено право директно да се назначи еден или повеќе членови на надзорниот одбор, одборот на директори, управниот одбор, директор или управител, органот на сопственички права го остварува ова право во согласност со одлуката на Владата од ставот (5) на овој член.

(10) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случаи кога не постои минимален број членови на надзорниот одбор, одборот на директори или управители потребен за важечко донесување одлуки од страна на тој орган, што може да предизвика штета на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија или да го отежни неговото работење, Владата може, додека не се спроведе постапката за избор и/или назначување на кандидати за членови на надзорниот одбор или одборот на директори преку јавен конкурс, да донесе одлука за избор на член на надзорниот одбор или одборот на директори без спроведување на јавен конкурс. Вака избраното или назначеното лице не смее да има мандат подолг од шест месеци и мора да ги исполнува условите согласно овој закон.

(11) Покрај причините за отповикување на член на надзорниот одбор или одборот н директори предвидени со законот што ги регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва и други прописи и акти за основање и други акти на правни лица во државна сопственост или со државно учество, како причини за отповикување или разрешување на член на надзорниот одбор или одборот на директори, управниот одбор или управителот се смета и неисполнувањето или

неправилното исполнување на обврските предвидени во овој закон и другите подзаконски акти донесени врз основа на овој закон.

(12) Како особено важни причини за отповикување или разрешување на член на управниот одбор или извршен директор, управен одбор или управител се сметаат и:

– неуспешното постигнување на финансиските или нефинансиските цели, вклучително и целите поврзани со факторите на одржливост и

– неисполнувањето или неправилното исполнување на обврските предвидени со овој закон и со другите подзаконски акти донесени врз основа на овој закон.

Комисија за избор на кандидати за членови на надзорните одбори или одборите на директори, управни одбори и управители

Член 40

(1) Владата со одлука формира комисии за избор на кандидати за членови на надзорните одбори, одборите на директори, управни одбори или управители во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(2) Комисијата за избор на кандидати за членови на надзорните одбори или одборите на директори, управните одбори и управителите во правните лица од посебен интерес се состои од седум члена, од кои еден претставник на Канцеларијата на претседателот на Владата, два претставника од Министерството за економија и труд, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од надлежното министерство, еден независен експерт од областа во која работи правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и еден претставник на малцинските акционери или на лицата со малцинско учество во правното лице.

(3) Комисијата за избор на кандидати за членови на надзорни одбори или одбори на директори, управните одбори и управителите во другите правни лица се состои од седум члена, од кои еден претставник на Канцеларијата на претседателот на Владата, два претставника од Министерството за економија и труд, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од надлежното министерство, и еден независен експерт од областа во која работи правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и еден претставник на малцинските акционери или на лицата со малцинско учество во правното лице.

(4) Членовите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член ги назначува Владата и со одлука го определува нивниот надоместок, согласно член 38 став 11 од овој закон.

(5) Членовите на комисијата се назначуваат за период од две години и можат да бидат повторно назначувани.

(6) За независен експерт се смета лице кое е независно во однос на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија за кои се спроведува постапката за избор на кандидати за членови на надзорниот одбор или одборот на директори, управниот одбор или управитеклот, како и во однос на Владата и во однос на другите иматели на акции, удели или основачки права во тоа правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, и кое има соодветно стручно знаење и искуство пропишано со прописот од член 43 од овој закон.

(7) Општините и градот Скопје со посебна одлука формираат комисии за избор на кандидати за членови на надзорни одбори, одбори на директори, управни одбори или директори во правните лица основани од општините или од градот Скопје. Составот и начинот на работа на комисиите ќе бидат пропишани со општ акт на општините или на градот Скопје.

Услови за кандидати за членови на надзорниот одбор, на одборот на директори, управниот одбор или управители

Член 41

(1) Државен службеник, јавен службеник или вработен во административните одделенија и служби на единиците на локалната самоуправа не може да биде член на надзорниот одбор, на одборот на директори или на управниот одбор на повеќе од едно правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и има исти права и обврски како и другите членови на надзорниот одбор, одборот на директори или управниот одбор.

(2) Лицата кои подлежат на примена на законот што го регулира спречувањето на судири меѓу приватните и јавните интереси при вршењето на јавните должности не можат да бидат членови на надзорниот одбор, на одборот на директори или на управниот одбор на правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, освен ако не е поинаку пропишано со посебен закон со кој е основано правното лице.

(3) Членовите на надзорниот одбор, на одборот на директори или на управниот одбор на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија мора да имаат стручно знаење, вештини и искуство потребни за независен и самостоен надзор на управувањето со работите на правното лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и за извршување на други задачи во надлежност на надзорниот одбор, на одборот на директори или на управниот одбор.

Примена на одредбите врз правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија

Член 42

(1) Одредбите од овој закон за избор и назначување на членови на органите на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се применаат и врз правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија во кои Република Северна Македонија нема доминантно (преовладувачко) влијание, но во кои Република Северна Македонија, врз основа на прописи, основачки или други акти, договори или врз други основи, има право да предлага, избира или назначува или право да учествува во донесувањето одлука за избор или назначување на еден или повеќе членови на органите на таквите правни лица.

(2) Одредбите од овој закон за избор и назначување на членови на органите на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија нема да се применуваат на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија ако постапката за избор и назначување во согласност со одредбите од овој закон би била спротивна на:

1. исполнување на обврските што произлегуваат од правото на Европската Унија;

2.исполнување на обврските врз основа на прекршочни постапки покренати од Европската комисија и

3. исполнување на обврските што произлегуваат од меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Услови за избор на членови на органи на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и за членови на комисии

Член 43

(1) Владата подетално ќе ги регулира условите за кандидати за членови на надзорни или управни одбори, членови на одбори на директори или извршни директори, директори, управители или членови на други релевантни органи на надзор или управување во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, начинот на нивен избор или назначување, изборот на кандидати без спроведување на јавен конкурс, квалификациите и потребните барања за независност за членовите на комисиите кои се независни експерти и начинот на работа на комисиите, потребните барања за независност на кандидатите за членови на надзорни или управни одбори кои се неизвршни директори, за членови на одборот на ревизори и комисии на надзорни одбори, како и случаите за отповикување или разрешување на членови на надзорни или управни одбори, членови на одбори на директори или извршни директори или членови на други релевантни органи на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(2) Прописот од ставот (1) на овој член особено треба да ги содржи следниве услови за кандидатите:

- да е државјанин на Република Северна Македонија и да има постојано место на живеење во Република Северна Македонија;

- да има деловна способност;

- да има високо образование со стекнати најмалку 240 ЕКТС или VII/1 степен на образование;

- да има најмалку пет години работно искуство по завршување на високото образование и

- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

ГЛАВА IV. ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА НА ПРАВНИ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Внатрешна контрола, внатрешна ревизија и следење на усогласеноста

Член 44

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија воспоставуваат систем за внатрешна финансиска контрола, вклучувајќи ги финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија како негов составен дел, со соодветна примена на законот што го регулира системот на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор, прописите што го регулираат финансиското управување и контрола и

внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Северна Македонија и меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија.

(2) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија воспоставуваат систем за следење на усогласеноста, земајќи ја предвид нивната големина, организациска структура, сложеност и други аспекти на нивното работење.

(3) Системот за следење на усогласеноста од ставот (2) на овој член вклучува задачи поврзани со усогласување на функционирањето и работењето на правното лице со важечките прописи и општи акти, како и други задачи наведени во прописот од ставот (4) на овој член.

(4) Министерот за економија и труд ги пропишува задачите на системот за следење на усогласеноста, начинот на извршување на системот за следење на усогласеноста, известувањето за спроведувањето на системот за следење на усогласеноста и други прашања поврзани со системот за следење на усогласеноста.

Обврска за спроведување законска ревизија на годишните финансиски извештаи

Член 45

(1) Годишните финансиски извештаи и годишните консолидирани финансиски извештаи на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија подлежат на законска ревизија во согласност со прописите што го регулираат сметководството на трговците, ревизијата и основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва.

(2) Законската ревизија на годишните финансиски извештаи од ставот (1) од овој член се спроведува во согласност со меѓународните стандарди за ревизија како што се дефинирани во законот што ја регулира ревизијата.

## ГЛАВА V. ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И НАДЗОР

Јавно објавување

Член 46

(1) Правните лица во доминантна (преовладувачка) сопственост или учество на Република Северна Македонија обезбедуваат едноставен и недискриминаторски пристап до јавноста на:

1. информации и документи за сопственичката структура, корпоративното управување, деловните, финансиските и нефинансиските цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост и нивното постигнување, правилата за вработување, значајните и предвидливи ризици на кои се изложени таквите правни лица и други информации пропишани со прописот од ставот (5) на овој член и

2. деловни планови од член 49 на овој закон и извештаи од член 50 на овој закон.

(2) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија имаат и редовно одржуваат веб страници.

(3) Информациите и документите од ставот (1) на овој член, како и други информации и документи што правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се должни да ги објавуваат во согласност со овој закон и другите прописи, се ставаат на располагање на јавноста преку објавување на веб страниците на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија на кои таквите информации и документи мора да бидат јавно достапни најмалку пет години од денот на објавувањето или подолг период доколку тоа е предвидено со посебен пропис или со прописот од ставот (5) на овој член за одредена информација или документ.

(4) При објавувањето информации во согласност со овој закон, правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија не се обврзани да објавуваат информации што претставуваат деловна или професионална тајна во смисла на посебните прописи што ја регулираат заштитата на доверливоста на податоците и необјавените информации со пазарна вредност или информации што, според проценката на разумен трговец, можат да предизвикаат значителна штета на правното лице.

(5) Министерот за економија и труд ги пропишува информациите и документите од ставот (1) точка 1 на овој член и периодот во кој тие мора да бидат достапни на веб страниците на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

## Дополнителни обврски за објавување

### Член 47

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија чии финансиски инструменти се котирани на берза или регулиран пазар за тргување со хартии од вредност или на друго место за тргување се должни да објавуваат информации во согласност со прописите што го регулираат пазарот на капитал и правилата на регулираниот пазар, берзата на хартии од вредност или на другото место за тргување.

(2) Големите и средните правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија чии финансиски инструменти не се котирани на берза или регулиран пазар или на друго место за тргување со хартии од вредност се должни да објавуваат информации со примена, на соодветен начин, на прописите што се однесуваат на акционерските друштва чии акции се котираат на берза или регулиран пазар на хартии од вредност.

## Примена на Кодексот за корпоративно управување

### Член 48

(1) Големите и средните правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија го применуваат Кодексот за корпоративно управување во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на друштвата што се однесуваат на примената на Кодексот за корпоративно управување од страна на акционерските друштва чии акции се котирани на берза или регулиран пазар за тргување со хартии од вредност.

(2) Правните лица во сопственост на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член вклучуваат извештај за примената на Кодексот за корпоративното управување во својот годишен извештај.

(3) Одредбите од законот што го регулира сметководството на трговците и одредбите од Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанокот и статусните промени на трговските друштва се применуваат соодветно на примената на Кодексот за корпоративното управување.

(4) Министерството за економија и труд го следи и анализира квалитетот на корпоративното управување кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(5) Министерот за економија и труд ја утврдува методологијата за пресметување на индексот на квалитетот на корпоративното управување кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, го пресметува тој индекс и го објавува како дел од консолидираниот годишен извештај за правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(6) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се должни да ги достават до Министерството за економија и труд информациите потребни за следење и анализа на квалитетот на корпоративното управување и пресметувањето на индексот на квалитет на корпоративното управување кај правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

### Објавување и доставување на деловни планови до надлежните органи

### Член 49

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се должни да подготвуваат и објавуваат годишни и среднорочни деловни планови на своите веб страници.

(2) На објавувањето на годишните и среднорочните деловни планови од став (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите на членот 46 став (4) од овој закон.

(3) Правните лица од посебен интерес се должни да доставуваат годишни и среднорочни деловни планови до Министерството за економија и труд, Министерството за финансии и до надлежното министерство.

(4) Другите правни лица се должни да доставуваат годишни и среднорочни деловни планови до Министерството за економија и труд, Министерството за финансии и до надлежните министерства.

(5) Министерот за економија и труд во соработка со министерот за финансии ги пропишува содржината, начинот и роковите за објавување и доставување на деловните планови и извештаите на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

### Објавување и доставување на извештајот до органот надлежен за вршењето на правото на сопственост и другите сопственички права

### Член 50

(1) Правните лица во доминантна (преовладувачка) сопственост или учество на Република Северна Македонија, освен правните лица во сопственост или со учество на Република

Северна Македонија од ставот (4) од овој член, се должни да состават и објавуваат на своите веб страници годишни, полугодишни и тромесечни финансиски извештаи, заедно со придружни белешки, кон финансиските извештаи, годишни, полугодишни и тромесечни консолидирани финансиски извештаи, заедно со придружни белешки, кон финансиските извештаи и годишни извештаи со нивната содржина, на начин и во роковите утврдени со прописот што го регулира сметководството на трговците и со прописот од членот 49 став (5) од овој закон.

(2) Правните лица во доминантна (преовладувачка) сопственост или учество на Република Северна Македонија чии годишни финансиски извештаи подлежат на обврска за законска ревизија во согласност со овој закон или прописите што го регулираат сметководството на трговците, мораат, заедно со годишниот извештај, да објават на своите веб страници извештај за ревизија потпишан од лицата одговорни за ревизија на годишните финансиски извештаи.

(3) Заедно со годишниот извештај, правните лица во доминантна (преовладувачка) сопственост или учество на Република Северна Македонија мора да ја објават и одлуката на надлежниот орган на соодветното правно лице за усвојување/одобрување на годишните финансиски извештаи и предложената одлука за покривање на загубата и за распределба на добивката, доколку тие не се составен дел од годишниот извештај.

(4) Правните лица од посебен интерес се должни да ги достават извештаите и одлуките предвидени во овој член до Владата до Министерството за економија и труд, Министерството за финансии и до надлежното министерство, а другите правни лица до Министерството за економија и труд и до надлежното министерство, на начин и во роковите пропишани со прописот од членот 49 став (5) од овој закон.

(5) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија се должни да ги известуваат надлежните органи за спроведувањето на мерките и активностите што се однесуваат на нив врз основа на плановите и програмите за борба против корупцијата во Република Северна Македонија.

(6) Одредбите од овој член се применуваат и на правни лица од посебен интерес во кои Република Северна Македонија нема доминантно (преовладувачко) влијание.

### Права на другите акционери или иматели на удели

### Член 51

(1) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, при комуникацијата со акционерите, имателите на удели и другите основачи, ако ги има, постапуваат во согласност со принципот на еднаков статус на сите акционери, иматели на удели или основачи и истовремено ги доставуваат информациите што ги доставуваат до органот надлежен за вршењето на сопственичките и другите сопственички права до сите други основачи, акционери или иматели на удели во тие правни лица.

(2) Информациите се сметаат за истовремено доставени до сите основачи, акционери или иматели на удели во правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија ако, истовремено со нивното доставување до органот надлежен за вршењето на правото на сопственост и другите сопственички права, се објават на веб страницата на тоа правно лице во согласност со член 46 од овој закон.

### Консолидиран годишен извештај

### Член 52

(1) Министерството за економија и труд подготвува и објавува консолидиран годишен извештај за правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија:

1. кои се правни лица од посебен интерес и

2. кои се други правни лица во кои Република Северна Македонија има доминантно (преовладувачко) влијание.

(2) Министерот за економија и труд ја пропишува содржината на консолидираниот годишен извештај за правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член.

### Усвојување и објавување на консолидираниот годишен извештај

### Член 53

(1) Министерството за економија и труд го доставува консолидираниот годишен извештај за претходната година до Владата до 31 октомври во тековната година за усвојување.

(2) Владата го усвојува извештајот од ставот (1) на овој член со заклучок и го доставува до Собранието на Република Северна Македонија во рок од еден месец од неговото усвојување.

### Надзор над спроведувањето на овој закон

### Член 54

(1) Министерството за економија и труд врши надзор над спроведувањето на овој закон и подзаконските прописи донесени врз основа на овој закон.

(2) Инспекциски надзор над примената на овој закон вршат државните инспекторати и инспекциските служби на локалната самоуправа секој во однос на одредбите од овој закон за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

## ГЛАВА VI. ЗАВИСНИ ДРУШТВА НА ПРАВНИ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ СО УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Примена на Законот врз правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои имаат зависни друштва

### Член 55

(1) Правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои имаат зависни друштва во смисла на Законот за трговските друштва што го регулира основањето, организацијата, престанок и статусни промени на трговските друштва или кои имаат доминантно (преовладувачко) влијание во други правни лица, остваруваат сопственички или други сопственички права во своите зависни друштва или други правни лица во кои имаат доминантно (преовладувачко) влијание (во натамошниот текст: зависни друштва) со соодветна примена на одредбите од овој закон, освен ако поинаку не е пропишано со посебниот закон согласно кој е основано зависното друштво или правното лице.

(2) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член можат да располагаат со акции, удели или основачки права во своите зависни друштва или да стекнуваат нови акции, удели и основачки права со одобрение од собирот на содружници, акционерското собрание или другиот соодветен орган.

(3) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член поставуваат финансиски и нефинансиски цели за своите зависни друштва, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост, врз основа на целите утврдени за тие правни лица во согласност со член 26 од овој закон, на начин утврден со прописот од членот 26 став (7) од овој закон, освен ако не е поинаку пропишано со посебниот закон согласно кој е основано зависното друштво.

### Примена на Законот врз зависните друштва на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија

### Член 56

(1) Одредбите од овој закон за вршење на пазарни активности и дејствување во согласност со принципот на непристрасни деловни односи во согласност со членот 29 од овој закон и за одвојување на пазарните активности од обезбедувањето јавни услуги во согласност со член 30 од овој закон се применуваат и на зависните друштва на правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од членот 55 став (1) од овој закон.

(2) Одредбите од овој закон за избор и назначување на членови на органи и прописите од членот 41 од овој закон соодветно се применуваат и на зависните друштва на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од членот 55 став (1) од овој закон, кои се сметаат за големи или средни трговци во смисла на законот што го регулира сметководството на трговците, освен одредбите што се однесуваат на застапниците, како и одредбите од овој закон за политиката на исплата на дивиденди или удели во добивката за правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и за политиката на наградување на членовите на надзорните или управните одбори и членовите на одборите на директори или управителите на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија.

(3) Одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон кои се однесуваат на структурата и одговорностите на членовите на органите, системот за внатрешна контрола, ревизија и следење на усогласеноста, јавното објавување на информации, подготовката, објавувањето и поднесувањето на деловни планови и извештаи и примената на Кодексот на корпоративно управување соодветно се применуваат и на зависните друштва на правните лица во сопственост или со учество на

Република Северна Македонија од членот 55 став (1) од овој закон, кои се сметаат за големи или средни трговци во смисла на законот што го регулира сметководството на трговците.

ТРЕТ ДЕЛ

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Прекршочна постапка

Член 57

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Постапка за издавање на прекршочен платен налог

Член 58

(1) Пред поведување на прекршочната постапка за прекршоците утврдени со овој закон, овластен инспектор на сторителот на прекршокот му дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија и труд.

Одмерување на висина на глоби

Член 59

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

Прекршоци во врска со објавување информации

Член 60

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра ќе му се изрече на микро трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на мал трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на среден трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија доколку:

1. не ги објави информациите наведени во член 46 став (1) точка 1 од овој закон на начин, со содржина и во роковите пропишани во член 46 став (3) од овој закон и прописот од член 46 став (5) од овој закон,

2. не ги објави информациите наведени во член 47 став (1) од овој закон на начин, со содржина и во роковите пропишани во член 46 став (3) од овој закон и прописот од член 46 став (5) од овој закон

3. не ги објави деловните планови наведени во член 49 став (1) од овој закон на начин, со содржина и во роковите пропишани во прописот од член 49 став (5) од овој закон

4. не ги објави извештаите наведени во член 50 став (1) или став (4) од овој закон на начин, со содржина и во роковите пропишани со прописот од член 49 став (5) од овој закон и

5. не ја спроведе постапката за одвојување на сметките по различни дејности во рамките на своите деловни книги во согласност со одредбите од член 30 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра ќе му се изрече за прекршоците од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице од ставот (1) на овој член.

Прекршоци во врска со поднесување на деловни планови и извештаи

Член 61

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра ќе му се изрече на микро трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на мал трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на среден трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец - правно лице во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, доколку:

1. не ги достави деловните планови од член 49 ставови (3) и (4) од овој закон до Министерството за економија и труд, Министерството за финансии или до надлежното министерство на начин, со содржина и во роковите пропишани со прописот од член 49 став (5) од овој закон и

2. не ги достави извештаите и одлуките од член 50 став (4) од овој закон до Министерството за економија и труд, Министерството за финансии и надлежното министерство на начин, со содржина и во роковите пропишани со прописот од член 49 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра ќе му се изрече за прекршоците од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице од ставот (1) на овој член.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 62

(1)Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

(2)До влегувањето во сила на подзаконските акти од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните подзаконските акти од соодветната област.

Евиденција на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и список на правни лица кои вршат јавни услуги, како и видот на јавните услуги

Член 63

(1) Министерството за економија и труд во рок од шест месеци од отпочнувањето на примената на овој закон, ќе ја воспостави евиденцијата на правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија од членот 14 став (1) од овој закон.

(2) Министерството за економија и труд во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето на примената на овој закон, ќе го објави списокот на правни лица кои вршат јавни услуги, како и видот на јавните услуги од членот 30 став (6) од овој закон.

Преземање на остварувањето на правата на учество на Република Северна Македонија

Член 64

Члeновите на органите на управување и надзор во правните лица во сопственост и со учество на Република Северна Македонија назначени до денот на отпочнувањето на примена на овој закон, продолжуваат да ги извршуваат своите надлежности согласно одредбите на овој закон до истекот на мандатот за кој биле назначени.

Поделба на пазарни активности и активности на обезбедување јавни услуги

Член 65

Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија чии деловни активности вклучуваат и пазарни активности и активности на обезбедување јавни услуги се должни да воведат водење посебни сметки за различни активности во рамките на нивните деловни книги согласно овој закон во рок од три години од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

Трансформација и усогласување на основачките и општите акти

Член 66

(1) Надлежните министерства, во рок од една година од денот на отпочнувањето на примената на овој закон, ќе ги усогласат посебните закони со кои се основаат или дефинираат правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, со одредбите на овој закон.

(2) Правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и нивните зависни друштва се должни да ги усогласат своите основачки и општи акти со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

Завршување на започнатите постапки

Член 67

Започнатите постапки за располагање со акции, удели и основачки права во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија и постапките за избор на членови на надзорни или управни одбори, членови на одбор на директори, управители или други соодветни органи кои не се завршени до денот на отпочнувањето на примената на овој закон ќе се завршат согласно прописите по кои се започнати.

Одредби кои ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија

Член 68

Одредбите од членот 16 точки 1 и 2 и членот 42 став (2) точки 1 и 2 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Влегување во сила и одложна примена

Член 69

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Законот содржи 69 члена и структурно е поделен на четири дела:

Првиот дел содржи општи одредби, односно го уредува предметото на законот, неговата примена, дефиниции на изразите, принципите на корпоративносот уредување, супсидијарната примена на другите закони, поделбата на правни лица во соспственост или со учество на Република Сверна Мкаедонија, политиките на сопственички права и права на основање, надлежностите на Министерството за економија и други министерства;

Вториот дел го регулира поставување финансиски и нефинансиски цели, вклучувајќи ги и целите поврзани со факторите на одржливост, организацијата и начиност на управување во правните лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, примената на Законот врз правни лица во сопственост или со учество на Република Северна Македонија кои имаат зависни друштва, доставување на извештајот до органот надлежен за вршењето на правото на сопственост и другите сопственички права;

Третиот дел од предлогот на закон содржи одредби за прекршочната постапка, порамнувањето, прекршоците и глобите, а

Четвртиот дел ги содржи преодните одредби и влегувањето во сила на Законот, кој има одложена примена од една година од денот на влегувањето во сила.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во Предлогот на закон за јавни претпријатија и трговски друштва во сопственост или со учество на Република Северна Македонија, по скратена постапка се меѓусебно поврзани со одделни одредби од Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со усвојувањето на Предлогот на закон се очекува зајакнување на одрживоста и намалување на економската зависност на јавните претпријатија од буџетска поддршка, како и подобрување на перформансите на претпријатијата преку поголема ефикасност, подобра наплата на приходите и подобрени инвестициски стратегии. Законот претставува системска реформа која ги усогласува домашните прописи со најдобрите меѓународни стандарди на ОЕЦД, создавајќи предуслови за поефикасно, транспарентно и одговорно управување со државниот капитал, во согласност со евроинтеграциските обврски и финансискиот инструмент на ЕУ.